Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-669/2
28-12-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 669/1 од 20.12.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје застапувано од [redacted] – претседателка на здружението против Комисија за спречување и заштита од дискриминација, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 27.12.2022 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 - 669/1 од 20.12.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје застапувано од [redacted] – претседателка на здружението против Комисија за спречување и заштита од дискриминација **поради ненадлежност.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 20.12.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] Скопје застапувано од [redacted] – претседателка на здружението, против Комисија за спречување и заштита од дискриминација за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа.

Согласно **членот 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** каде што таксативно се набројани законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата **нема надлежност** да ја оценува сопствената работата. Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не може да постапува во конкретниот случај

Врз основа на горенаведеното, доколку подносителот смета дека му е повредено правото на еднаквост од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, го упатуваме да се обрати до Народниот правобранител, во согласност со чл. 2, ст. 1 од Законот за народен правобранител.

Скопје
27.12.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk